Септември 2012 Бр.131

# FOREVER
## MACEDONIA

**SUCCESS DAY**

**29.09.2012**
**Хотел “Порта”**
**почеток:**
**19 часот**









# Forever Bee Honey
# Пчелен мед

## ОПИС И СВОЈСТВА

Пчелата лета од цвет на цвет и го собира нектарот кој е богат со материи, го задржува за кратко за да се измеша со нејзините ензими и потоа го става медот во кошницата.

Со векови човекот го сметал медот како првокласна природна храна – вистинско хранливо богатство кое лесно се вари во организмот како кај децата, така и кај возрасните.

Медот содржи мноштво хранливи материи кои му се потребни на организмот да го одржи доброто здравје, вклучувајќи 78% шеќери (гликоза, фруктоза и сахароза), влага и други материи (минерали, витамини, ензими, протеини и аминокиселини).

Пчелниот мед Forever Bee Honey е собиран во високо планински пустини во Западниот дел на Соединетите Американски Држави и содржи целосно природни состојки. Има прекрасен вкус, хранлив е, исполнет со најдобрите природни материи и обезбедува приближно 100 калории во 30 г тежина.

Во секое време медот претставува вкусен и совршен природен засладувач. Богат со јаглехидрати и минералите калциум и фосфор, пчелниот мед Forever Bee Honey дава енергија за секакви случаи бидејќи брзо ги стабилизира и зголемува енергетските нивоа, со што го ублажува уморот. Корисен е за луѓето со слаб систем за варење бидејќи шеќерот во медот е претходно обработен. На тој начин шеќерите директно се апсорбираат без да има потреба од варење во гастроинтестиналниот тракт.

## СОСТАВ

Чист мед

## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Користете го самостојно или како замена за шеќер.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Пакување кое не дозволува загуба на драгоцените материи под влијание на сончевите зраци.
- Богат со јаглехидрати и минералите калциум и фосфор.
- Мошне брзо ја враќа изгубената енергија.
- Природен засладувач.
- Лесно се вари во организмот.








## Увереност за успех

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**



Немам зборови да опишам колку сум среќен што се сретнав со многумина од вас на Супер релито тука во Феникс. Искрено можам да кажам дека навистина уживав за време на последните две Релија во Денвер и Вашингтон, а можноста да поминам повеќе време со вас на родната почва на Форевер, особено го возбуди моето срце. Се надевам дека ви се допадна обиколката на Централната канцеларија и на Форевер нутрацеутикал. Ги поздравувам сите кои вложија труд и се посветија на квалификацијата за Супер рели, како и за сребрената и традиционална туристичка обиколка после релито. Ви благодарам што го претворивте релито во извонреден настан.

Додека уживавме на Супер релито во Феникс, размислував за неверојатните можности кои ќе ги понуди нашето ново Глобално рели. Можеби се прашувате: "Дали можам да се квалификувам? Може ли оваа година да е најдобрата за мене во Форевер? Ќе стигнам ли до Хаваите?" Сè уште имате време до 31-ви декември за да се квалификувате за патешествието на својот живот. А најважното нешто кое ви е нужно за постигнување на таа цел е самоувереноста.

Секогаш кога размислувам за увереноста, се сеќавам на следната мисла на Елинор Рузвелт: "Што ли би постигнале, ако знаевме дека сигурно би успеале?" За миг помислете што ви е неопходно за квалификација за Глобално рели – годишен обем од 1500 б. Форевер ви нуди многубројни можности за да ги исполните сите свои мечти: да сте финансиски независни, поздрави, да имате прекрасни пријатели и да им помагате на другите. Неопходна ви е единствено увереноста дека сигурно ќе успеете штом Форевер стои позади вас.

Има неколку начини да станете самоуверени и да ја направите 2012-та вашата најдобра година во ФЛП до сега. Прво – не заборавајте колку многу луѓе пред вас постигнале забележителни успеси. Во нашите месечни билтени ве запознаваме со патиштата, изврвени од дистрибутери кои се издигнале до важни нивоа и ги одбележуваме нивните успеси. Ако тие можат, значи и вие можете! Треба единствено да мислите за успехот на оние пред вас и да сте уверени дека и вие може да успеете.

Второ – оддадете признание на веќе постигнатите успеси. Одвојте време да го оцените завршеното во изминатата година. Со што се справивте добро? Важно е да се фокусирате врз позитивните аспекти на работата, за да продолжите да одите нагоре кон поставените цели. Не го задржувајте вниманието врз разочарувањата. Ако направите грешка, направете си кратка белешка за тоа и кажете си: "Следниот пат подобро ќе се справам." Потоа помислете што треба да направите за да ги реализирате целите до крајот на годината.

Со точното количество увереност ќе можете да се посветите на бизнисот со Форевер, знаејќи точно што треба да правите, ќе можете да го направите и кога еднаш ќе го направите, ќе бидете заслужено наградени. Во животот нема многу сфери кои ви предлагаат гарантирана можност да ги искористите сите иницијативи и програми, создадени од Форевер за вас. Ви честитам за веќе постигнатите успеси и ве охрабрувам да не ја губите самоувереноста која ви е потребна за оваа година да биде вашата најдобра во Форевер.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan

## Милиони луѓе во повеќе од 150 земји во светот не може да грешат



**Драги пријатели,**

Меѓународното супер рели на Форевер Ливинг Продактс е веќе историја. По повеќе од 20 години возбудливи средби на илјадници дистрибутери од цел свет, во различни градови на територијата на САД, време е да погледнеме напред кон новото. Потполно во духот на нашата компанија, овогодишното рели беше грандиозно и незаборавно. Четири илјади учесници за последен пат беа сведоци на обуки, шоу, признанија, претставување на нови производи и незаборавни средби и контакти. Дента за посета на Централната канцеларија на компанијата, Рекс како и секогаш, беше така љубезен да им даде можност на сите учесници да се фотографираат со него и тоа по неколку пати. Оние кои беа таму, повторно се убедија дека сите ние сме дел од грандиозно семејство, на чие чело е човек со голема мисија, огромно срце и бескрајна љубов. Ти благодариме Рекс за сè што си направил и ќе продолжиш да правиш за дистрибутерите на компанијата ширум светот!

На крај на средбата никој не беше тажен или со чувство за загуба. Напротив! Сите го чествуваа почетокот на нешто ново и уште подобро. Бидејќи знаеме дека животот не станува подобар по случајност, туку се развива единствено кога има спремност за промена. Нема значење каде се наоѓаме денес, зошто ништо не може да се спореди со местото на кое можеме да бидеме утре. А Форевер ни дава можност утре да стигнеме до уште поубава и возбудлива дестинација – Хаваите. Животот секојдневно ни носи промени и ние сме среќни што со Форевер тие водат секогаш кон подобар стил на живот, незаборавни доживувања и возбудливи патувања.

Ако не сакате да ги пропуштите тие богати можности, помислете што и како вие лично ќе промените во начинот на мислење и секојдневните дејствија, за да станете дел од незаборавното патување со Форевер. Компанијата нуди неповторливи производи за здравје и убавина, кон кои и оваа година не пропушти да добави нови. Но поважна и од производите е можноста да ги исполните и најсмелите мечти. Таа носи вдахновение и не треба да пропуштите да ја споделите со ниту еден човек околу себе. Направете сè што е можно колку се може повеќе луѓе да разберат што правите, накаде одите и какви мечти имате. Не заборавајте дека вашата екипа ќе расте, само ако сте фокусирани на можностите, наградите и промоциите, предлагани од компанијата и нејзиниот маркетинг план: нивоа Супервизор, Менаџер, Менаџер „Орел", Менаџер „Сафир", Менаџер „Дијамант", програма за кола, учество на Глобално рели, летен предизвик за патување до Солун и предметна награда, учество на Бугарија во распределба на Президентски бонус. Тоа се цели, кон кои секој треба непрекинато да се стреми во работата со ФЛП. Да, бараат усилби и самодисциплина, но верувајте ни – да бидете дисциплинирани и последователни е тешко, но уште потешко ќе ви биде, ако не сте такви.

И не се сомневајте дека ќе успеете! Вие сте го направиле најдобриот избор во животот!

*„Милиони луѓе во повеќе од 150 земји во светот не може да грешат!"* Нели?

Засекогаш ваши,
Стефан и Тања Стаеви



# Sonya® Hydrate Shampoo
# Хидрантен шампон „Соња”

**Код: 349**
**355 мл**




## ОПИС И СВОЈСТВА

Угаснете ја жедта на косата со хидрантниот шампон од серијата „Соња”. Тој е идеален почеток за нега на вашата коса. Богат со овлажнувачки состојки, овој шампон има уникатна ултрахидратирачка формула, која ја зацврстува косата и ѝ дава виталност, обем и сјај.

Алое вера и матичниот млеч го регулираат балансот на влагата на сувата коса, за таа да стане видно почиста, сјајна, здрава и лесна за расчешлување. Вам ќе ви се допадне пријатниот мирис на производот, а на косата ќе ѝ се допадне дополнителното овлажнување. Не се грижете ако косата ви е бојадисана, зошто хидратирачкиот шампон „Соња” нема да влијае на нејзината боја.

Алоето допринесува за овлажнување на косата и за восповставување на балансот на pH на скалпот. Матичниот млеч исто така хидратира, ја потхранува кожата на главата, за да ја елиминира сувоста која може да доведе до појава на првут. Матичниот млеч содржи и антиоксиданси, кои ги неутрализираат слободните радикали во косата и допринесуваат за обновување на оштетената коса.

Други потхранувачки состојки на хидрантниот шампон „Соња”:

- пантенол – овој дериват на витаминот B5 го овлажнува скалпот, го намалува цветањето на косата и ѝ дава сјај;
- PEG-10 сончогледови глицериди – извлечени од сончогледово масло ја прават косата сјајна и допринесуваат за образување на богата пена за темелно чистење.

**Клуч за формулата на новиот шампон на Форевер се и состојките кои таа не ги содржи**. Производот ја измива косата без парабени, пропилен гликол, натриев лаурет и лаурил сулфат (SLS и SLES).

## СОСТАВ

Сок од листот на Алое Барбаденсис (стабилизиран гел од алое вера), вода, натриев C14-16 олефин сулфонат, лаурамидопропил бетаин, пропанедиол, диметикон, коко-глукозид, глицерил олеат, поликвартениум-74, лаурет-7, PEG-80 сорбитан лаурат, натриев тридецет сулфат, кокамидопропил хидроксисултаин, матичен млеч во прав, PEG-150 дистеарат, натриев лауроамфоацетат, натриев лаурет-13 карбоксилат, масло од семе на јојоба (Simmondsia Chinensis), хидролизиран пченичен протеин, гуар хидроксипропилтримониев хлорид, PEG-10 сончогледови глицериди, пантенол, гликол стеарат, натриев хлорид, феноксиетанол, метилизотиазолинон, лимонска киселина, мирис.

## УПОТРЕБА

Нанесете врз мокра коса и масирајте за да образувате богата пена. Исплакнете ја косата темелно. Повторете ја процедурата, а ако е потребно продолжете со хидратирачкиот балсам за коса „Соња”. За оптимални резултати користете го наизменично со шампонот и балсамот за волумен „Соња”. Избегнувајте контакт со очите. Во случај на контакт со очите, темелно исплакнете со вода.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Не влијае на бојата кај бојадисана коса.
- Го регулира природниот баланс на влагата на косата.
- Ја потхранува кожата на главата.

# Sonya® Hydrate Conditioner
# Хидрантен балсам „Соња”

**Код: 350**
**355 мл**

## ОПИС И СВОЈСТВА

Хидрантниот балсам „Соња” ја овлажнува, расплетува и омекнува сувата, кршлива коса, ја прави полесна за оформување и ѝ дава силен сјај. Тој е идеален сопатник на хидрантниот шампон „Соња”.

Неговата ексклузивна формула содржи алое вера и матичен млеч кои ѝ помагаат на сувата коса да ја задржи влагата која ѝ е неопходна. Ја потхранува кожата на главата а косата ви станува мека, сјајна и многу лесна за расчешлување и стилизирање. Освен тоа ќе ви се допадне неговиот мек и пријатен мирис.

Други потхранувачки состојки на хидрантниот балсам „Соња” се:

- хидролизирани пченични протеини – ја привлекуваат и задржуваат влагата, даваат обем и сјај, го олеснуваат расчешлувањето и ја прават глатка косата која е оштетена од хемиски третмани;
- масло од семе на макадамија (Macadamia Integrifolia) – дава сјај;
- масло од семе на јојоба (Simmondsia Chinensis) – ја прави косата отпорна на заплеткување, сушење и цветање.

## СОСТАВ

Сок од листот на Алое Барбаденсис (стабилизиран гел од алое вера), вода, диметикон, цетил алкохол, масло од семе на макадамија (Macadamia Integrifolia), масло од сончоглед (Helianthus Annuus), пропанедиол, бехентримониев хлорид, бехентримониев метосулфат, бис-хидрокси/метокси амодиметикон, матичен млеч во прав, масло од семе на јојоба (Simmondsia Chinensis), хидролизиран пченичен протеин, гуар хидроксипропилтримониев хлорид, пантенол, бутилен гликол, глицерил стеарат, феноксиетанол, метилизотиазолинон, мирис.

## УПОТРЕБА

По миење со хидрантниот шампон „Соња”, втријте го балсамот во косата и оставете да делува 2-3 минути. Исплакнете темелно. За оптимални резултати заменете со шампонот и балсамот за обем „Соња”. Избегнувајте контакт со очите. Во случај на контакт со очите, темелно исплакнете со вода.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Не влијае на бојата кај бојадисана коса.
- Ја хидратира и ѝ дава сјај на косата.
- Ја расплетува косата за полесно расчешлување.
- Ја потхранува кожата на главата.






# Sonya® Volume Shampoo
# Шампон за волумен „Соња"

**Код: 351**
**355 мл**

## ОПИС И СВОЈСТВА

Кога косата ви е сплесната и нема виталност, користете го шампонот за волумен „Соња" од Форевер Ливинг Продактс. Ексклузивната формула ѝ дава одличен волумен и сјај на косата, а истовремено ја прави лесна за стилизирање.

Две од клучните состојки – алое вера и матичниот млеч, ќе ја направат косата побујна и побогата. Шампонот за волумен „Соња" ја заздравува косата и можете слободно да го користите ако сте ја бојадисале, бидејќи нема да влијае на нејзината боја.

Алоето допринесува за овлажнување на косата и за воспоставување баланс на pH на скалпот. Матичниот млеч ја хидратира, потхранува кожата на главата и ја елиминира сувоста. Тој содржи и антиоксиданси, кои ги неутрализираат слободните радикали во косата и допринесуваат за обновување на оштетената коса.

Други потхранувачки состојки на хидрантниот шампон „Соња" се:

- PEG-10 сончогледови глицериди – извлечени од сончогледово масло, ја прават косата сјајна и допринесуваат за образување на богата пена за темелно чистење;
- хидролизирани пченични протеини – ја привлекуваат и задржуваат влагата, даваат обем и сјај, го олеснуваат расчешлувањето и ја прават глатка косата која е оштетена од хемиски третмани.

Помеѓу сите овие корисни состојки, не остана никакво место за штетните парабени, пропилен гликол, натриев лаурет и лаурил сулфат (SLS и SLES) и затоа формулата не ги содржи.

## СОСТАВ

Сок од листот на Алое Барбаденсис (стабилизиран гел од алое вера), вода, натриев C14-16 олефин сулфонат, лаурамидопропил бетаин, пропанедиол, диметикон, коко-глукозид, глицерил олеат, матичен млеч во прав, масло од семе на јојоба (Simmondsia Chinensis), хидролизиран пченичен протеин, гуар хидроксипропилтримониев хлорид, поликвартениум-74, лаурет-7, PEG-80 сорбитан лаурат, натриев тридецет сулфат, кокамидопропил хидроксисултаин, PEG-150 дистеарат, натриев лауроамфоацетат, натриев лаурет-13 карбоксилат, PEG-10 сончогледови глицериди, пантенол, гликол стеарат, натриев хлорид, феноксиетанол, метилизотиазолинон, лимонска киселина, мирис.

## УПОТРЕБА

Нанесете на мокра коса и масирајте за да образувате богата пена. Исплакнете ја косата темелно. Повторете ја процедурата, а ако е потребно продолжете со балсамот за обем „Соња". За оптимални резултати користете го наизменично со хидрантниот шампон и балсам „Соња". Избегнувајте контакт со очите. Во случај на контакт со очите, темелно исплакнете со вода.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Не влијае на бојата кај бојадисана коса.
- Ја згуснува и зајакнува косата.
- Измива одлично со истовремено додавање волумен и сјај.
- Ја потхранува кожата на главата.

# Sonya® Volume Conditioner
# Балсам за волумен „Соња"

**Код: 352**
**355 мл**

## ОПИС И СВОЈСТВА

Балсамот за волумен „Соња" е идеален сопатник на шампонот за волумен од истата серија. Нашата ексклузивна формула ги зголемува волуменот и цврстината на косата, ја подига и истовремено ѝ дава мекост, сјај и ја прави лесна за расчешлување.

Додадовме алое вера и матичен млеч за потхранување на кожата на главата, за балансирање на нејзиното pH и за потпомагање на процесот на ревитализација на оштетената коса. Ќе ви се допадне колку природна и густа ќе изгледа вашата коса, како и пријатниот мирис на балсамот.

Дополнителни потхранувачки состојки на балсамот за волумен „Соња":

- пантенол – овој дериват на витаминот B5 го овлажнува скалпот, го намалува цветањето на косата, ѝ дава сјај;
- масло од семе на макадамија (Macadamia Integrifolia) –дава сјај;
- масло од семе на јојоба (Simmondsia Chinensis) – ја прави косата отпорна на заплеткување, исушување и цветање.

## СОСТАВ

Сок од листот на Алое Барбаденсис (стабилизиран гел од алое вера), вода, цетил алкохол, масло од семе на макадамија (Macadamia Integrifolia), масло од сончоглед (Helianthus Annuus), пропанедиол, бис-хидрокси/метокси амодиметикон, диметикон, бехентримониев хлорид, бехентримониев метосулфат, матичен млеч во прав, масло од семе на јојоба (Simmondsia Chinensis), хидролизиран пченичен протеин, гуар хидроксипропилтримониев хлорид, пантенол, бутилен гликол, глицерил стеарат, феноксиетанол, метилизотиазолинон, мирис.

## УПОТРЕБА

По миење со шампонот за волумен „Соња", втријте го балсамот во косата и оставете да делува 2-3 минути. Исплакнете темелно. За оптимални резултати користете го наизменично со хидрантниот шампон и балсам „Соња". Избегнувајте контакт со очите. Во случај на контакт со очите, темелно исплакнете со вода.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Не влијае на бојата кај бојадисана коса.
- Полесно расчешлување и стилизиране.
- Дава волумен и сјај.

# Алое ден Пехчево 18.08.2012





















# Алое ден Берово 19.08.2012






## Алое ден Кичево 24.08.2012














## Алое ден Струга 25.08.2012

















## Квалификации за август 2012

### Асистент Супервизори

1. Баџукови Македонка и Сашко - Скопје
2. Вангеловска Костовска Александра – Скопје
3. Гогова Зујца – Струмица
4. Дамбеви Паула и Трајче – Штип
5. Давиткова Габриела – Алба, Италија
6. Зрнцева Елизабета – Штип
7. Илиевска Александра – Скопје
8. Јорданови Војчо и Илинка - Кочани
9. Коцевска Деана – Скопје
10. Конески Марјанчо и Роза – Скопје
11. Котеви Ленче и Роберт – Дојран
12. Крајчевски Цуте и Душица – Скопје
13. Мицевски Зоран – Скопје
14. Михајловиќ Мирјана и Милета – Скопје
15. Миленкови Даница и Методи – Виница
16. Петрова Силвана – Чешиново
17. Савевски Стефан – Скопје
18. Стаменкови Габриела и Игор – Кочани
19. Стефанови Бранислава и Тони – Гостивар
20. Стојановска Македонка – Куманово
21. Стојчеви Татјана и Борче – Штип
22. Станоев Орце – Алба, Италија
23. Станоева Благица – Алба, Италија
24. Хаџи - Еленови Наташа и Ристо - Струмица

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

### Квалификации за август 2012

#### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Славица Донакова
2. Др.Снежана Контра
3. Вера Златковска
4. Др.Роза Гелевска
5. Ленче Анаќиева
6. Николина Ѓорѓиева
7. Катерина Трајчевска
8. Слафко Михајловски
9. Стевица Димовска
10. Елизабета Зрнцева

#### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Славица Донакова
4. Катерина Трајчевска
5. Др.Снежана Контра
6. Вера Златковска
7. Др.Роза Гелевска
8. Ленче Анаќиева
9. Николина Ѓорѓиева
10. Стевица Димовска

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
www.foreverliving.com
ул. Владимир Комаров 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## АКТУЕЛНИ ПРОМОЦИИ!!!




### ВАЖИ САМО ЗА ДИСТРИБУТЕРИ И АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ:

Во текот на септември, секој кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 1 бод на личен код ќе добие гратис 1 парче од следните производи по избор:

- Marine Mask (маска за лице)
- Relaxation Bath Salts (релаксирачки соли)
- Моливи за очи и усни, сенки за очи и сјај за усни.

**КОЛИЧИНИТЕ СЕ ОГРАНИЧЕНИ!!!!**

## SUCCESS DAY

**29. 09. 2012**
**Хотел “Порта”, почеток: 19 часот**

### Алое ден – Прилеп

**21.09.2012 – петок**
**Хотел Кристал**
**Почеток 19 часот**

### Алое ден – Битола

**22.09.2012 – сабота**
**Хотел Милениум**
**Почеток 18 часот**




## Новогодишна лотарија!!!

**За секоја порачка во вредност од најмалку 4000 ден добивате 1 купон за Новогодишната лотарија на 8.12.2012. Само уредно приложени купони истата вечер се добитни! Лотаријата традиционално е дел од Новогодишниот SUCCESS DAY кој ќе се одржи во Холидеј Ин.**